ГРАЃАНСКИ ФРОНТ

# ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА

Иницијативен одбор

Март 2021

Содржина


1 Зошто се одлучивме да создадеме нова партија 1

2 Човечки вредности кои ни се битни 1

3 Декларација на иницијативниот одбор 1

4 Визија 2

5 Мисија 2

6 Цели 2

6.1 Краткорочни 2

6.2 Среднорочни 2

6.3 Долгорочни 2

7 Политичка идеологија 3

7.1 Граѓанинот во центар - се тргнува од граѓанинот и е за граѓанинот 3

7.1.1 Односот на индивидуата кон државата 3

7.1.2 Човекови права 3

7.1.3 Еднакви можности за сите 3

7.1.4 Ранливи категории на граѓани 3

7.1.5 Семејство 3

7.1.6 Млади 4

7.1.7 Пензионери 4

7.1.8 Мултикултура 4

7.1.9 Храна, вода, воздух, тишина 4

7.1.10 Заштита на потрошувачите 4

7.1.11 Дефинирање и заштита на добра од општ интерес 5

7.1.12 Цивилизиран однос кон животните 5

7.2 Почит 5

7.3 Атрибути на државноста 5

7.4 Функционална демократија 6

7.4.1 Политичка конкуренција - политички партии 6

7.4.2 Законодавна власт 7

7.4.3 Извршна власт 7

7.4.4 Судска власт - правна држава 9

7.4.5 Независно професионално новинарство 10

7.4.6 Администрација 10

7.4.7 Корупција ..... 11
7.4.8 Државна ревизија ..... 11
7.5 Сопственост ..... 12
7.5.1 Приватна сопственост ..... 12
7.5.2 Интелектуална сопственост ..... 12
7.5.3 Државна сопственост ..... 12
7.6 Екологија ..... 12
7.6.1 Климатски промени ..... 13
7.7 Меѓународни односи ..... 13
7.7.1 За македонските работи ..... 14
7.8 Безбедност ..... 15
7.9 Образование ..... 16
7.10 Наука ..... 17
7.11 Социјална политика ..... 18
7.12 Здравствен систем ..... 19
7.13 Култура и уметност ..... 19
7.14 Спорт ..... 20
7.15 ЕКОНОМИЈА ..... 20
7.15.1 Од сиромаштија кон многубројна средна класа ..... 20
7.15.2 Ресурсите им припаѓаат на граѓаните ..... 21
7.15.3 Просторно планирање ..... 21
7.15.4 Инфраструктура ..... 22
7.15.5 Одржлив развој ..... 22
7.15.6 Регионално рамномерен развој ..... 22
7.15.7 Локален економски развој ..... 22
7.15.8 Фискална политика ..... 23
7.15.9 Монетарна политика ..... 23
7.15.10 Стратегиско (развојно) планирање ..... 24
7.15.11 Односи со мултилатерални финансиски институции ..... 24
7.15.12 Државен долг ..... 24
7.15.13 Недвижности во сопственост на државата ..... 24
7.15.14 Претприемништво и инвестиции ..... 25
7.15.15 Трговска политика и отворање странски пазари ..... 25
7.15.16 Пазар на труд ..... 26
7.15.17 Финансиски систем ..... 26
7.15.18 Б2Ц, Б2Б и Б2Г-пазари ..... 27

7.15.19 Пазар на недвижности ........................................ 28
7.15.20 Антимонополски политики ........................................ 28
7.15.21 Индустрии со висок финансиски лост (левериџ) ........................................ 28
7.15.22 Основни/стратегиски индустрии ........................................ 28
7.15.23 Користење на претпристапни и други развојни фондови на ЕУ ........................................ 31

# 1 Зошто се одлучивме да создадеме нова партија

Затоа што граѓаните се “кирации” во сопствената земја. Затоа што имаме нефункционална демократија, во нефункционално општество со ноемоќна економија, каде што 80% од граѓаните се во безизлез од “волшебниот круг” на сиромаштијата базирана на разграбување на богатство и екстракција на ресурси наместо на одржлив развој. Затоа што загаденоста стигна до степен на гасна комора. Затоа што имаме нееднакви можности и огромна емиграција, посебно на млади, способни и образовани луѓе. Затоа што сме сведоци на агресивни и конзистентни напади и притисоци од странски сили и гледаме реална можност да се распадне државата.

Затоа што имаме истрошени политички партии на сцената со безперспективна и импотентна понуда кои 30 години се менуваат едни со други а без реални промени. Затоа што ние граѓаните сме заситени од безбројните неисполнети ветувања но и криминални индиции и затоа што огромен број гласачи не излегоа на претходни избори поради немање на вистинска понуда.

Затоа што нема можност да се делува од внатре во постоечките партии со цел да се променат, а другите форми на политичко дејствување не дадоа резултати и колективната вложена енергија за промени беше залудно потрошена.

Затоа што ако сега не направиме нешто за нашата Македонија, ќе немаме право да се жалиме што ја изгубивме. Пред нашите деца, кои ќе бидат закрепостени овде или пак ќе бидат туѓинци во странство, ќе ги веднеме главите, а идните генерации ќе нè колнат.

Затоа што сметаме дека лошото победува само кога доброто е пасивно и ќути.

# 2 Човечки вредности кои ни се битни

На патот кон создавањето на партијата и во тек на политичката активност на истата, сакаме да привлечеме граѓани кои ги делат истите вредности со нас. Луѓе кои:

- се чесни и докажани пред себе,
- се изградени личности кои се успешни во своето поле на делување,
- имаат интегритет и виокоморални ставови кон животот,
- се патриоти и имаат неограничена љубов кон татковината,
- се несебични да помогнат за сите да успеат,
- се вистински борци за човекови права и еднакви можности,
- имаат професионален и дисциплиниран пристап кон обврските,
- се подготвени за социјален дијалог и тимска работа/пристап,
- имаат лидерски способности,
- кои се вистински борци за екологија.

# 3 Декларација на иницијативниот одбор

Ние од иницијативниот одбор влегуваме во политика заради правење на позитивни промени во општеството, а не за сопствен бенефит. Истото го бараме од секој што ќе се зачлени.

# 4 Визија

Граѓански фронт да стане значаен политички субјект кој креира и спроведува автентични и позитивни развојни политики кои Македонија ќе ја направат достоинствено и посакувано место за живеење.

# 5 Мисија

Мисијата на ГРАЃАНСКИ ФРОНТ е да:

- ги ставиме граѓаните и нивните интереси во центарот на општествените текови;
- го елиминираме етноцентризмот во политиката, создавајќи чувство на државност;
- се искоренат процесите кои ги држат граѓаните во заложништво;
- се воведе функционална демократија со транспарентно, етичко и одговорно практикување на владеење;
- создадеме правна држава;
- изградиме динамична пазарна економија и бројна средна класа;
- ја претвориме Македонија во зелен парк;
- воведеме систем на социјална сигурност и поддршка за вклучување на ранливите групи во општествените текови;
- ја претвориме Македонија во безбедно место;
- водиме надворешна политика која ги одразува нашите интереси и стратегиски определби;
- ја направиме Македонија достоинствено и посакувано место за живеење.

# 6 Цели

## 6.1 Краткорочни

Да се наметнат нашите политики во политичките процеси како приоритетни теми.
Да се обезбеди доволен број членови и симпатизери за да заживее партијата.
Да се победи на локални избори во две општини.
Доколку се случат предвремени парламентарни избори, да се избориме за најмалку два члена во парламентот.
Да се смени изборниот систем – од сегашните шест во една изборна единица со отворени листи.

## 6.2 Среднорочни

Да се направи вистински развој во општините каде што ќе победиме на локалните избори.
Да се издејствуваат промени на закони во согласност со нашите поставени политики.
Да се избориме за најмалку 5 пратеници во Собрание.
Да се избориме за промена на политичкиот систем во претседателски.
Да се добие претседателската позиција.

## 6.3 Долгорочни

Да станеме доминантна партија во Македонија.
Претседателот на државата да е од редовите на нашата партија.
Во Владата и во Собранието соодветно да доминираат наши членови.
Да ја имплементираме нашата програма.

Да постигнеме и да одржиме повеќегодишен пораст од над 10 проценти на економијата на Македонија со заштита на околината.
За 7 години, 80 проценти од граѓаните на Македонија да бидат дел од средната класа.

# 7 Политичка идеологија

## 7.1 Граѓанинот во центар - се тргнува од граѓанинот и е за граѓанинот

Наша основна политика е да го поставиме граѓанинот во центарот на општествените текови. Сметаме дека сѐ треба да тргнува од граѓанинот и да е за граѓанинот.

### 7.1.1 Односот на индивидуата кон државата

Ние, како членови на Граѓански фронт и граѓани на Македонија, се залагаме да ја смениме досегашната практика постојано да се зема од државата, па затоа сме подготвени да дадеме свој придонес и со сите сили да создадеме подобро утре. Со тоа даваме пример и поттик и за другите граѓани да ја гледаат Македонија како свој дом кој треба заеднички да го чуваме, чистиме, градиме и финансираме и во кој заеднички треба да имаме убав живот.

Наша политика е да го изградиме тоа чувство и однос кон државата дека Македонија е дом на сите граѓани, каде што секој граѓанин сака да придонесе за државата.

Македонија е дом на сите граѓани и ние ќе се залагаме проблемите во нашата држава да ги решаваме сами, со сопствени сили и средства.

### 7.1.2 Човекови права

Ние водиме бескомпромисна борба за почитување, заштита и унапредување на сите човекови права.

### 7.1.3 Еднакви можности за сите

Наша политика е дека не смее да има дискриминација кон ниту една група и индивидуа и дека се потребни еднакви можности за сите граѓани на Македонија во рамките на Уставот и законите. Бескомпромисно се бориме за елиминација на дискриминацијата и непотизмот по сите основи.

Сметаме дека оваа наша политика треба да стане главен развоен лост во Македонија – секој граѓанин со својот талент, знаење и умешност треба да го постигне својот максимум.

### 7.1.4 Ранливи категории на граѓани

Наша политика е на ранливите категории на граѓани да им се овозможи вклучување во сите сфери на животот, со цел да им се овозможи еднаков пристап кон сите нивни права, услуги и ресурси на државата.

### 7.1.5 Семејство

Сметаме дека семејството, покрај граѓанинот, е основна клетка на општеството. Родители се таткото и мајката. Сметаме дека треба да се води проактивна политика за помош на младите родители и да се овозможи континуирана поддршка на семејството како инситутијца..

#### 7.1.5.1 Дом/куќа за секое семејство

Наша бескомпромисна политика е дека треба да му се овозможи на секое семејство на најекономичен начин да создаде свој здрав и пристоен дом за живеење.

### 7.1.6 Млади

Со осврнување на нашите политики опишани во оваа програма сигурни сме дека Македонија ќе стане идеално место младите да растат, да се развиваат и да го живеат својот сон.

Се залагаме за политики кои ќе ја постават демографската пирамида правилно.

### 7.1.7 Пензионери

Се залагаме за активно вклучување на сите пензионери во општествените текови. Сметаме дека исполнувањето на условите за пензионирање не треба да биде и отфрлање на граѓаните од економските, социјалните и другите општествени текови. Напротив, сметаме дека тоа е само момент кога граѓанинот има право да го добива како финансиски поврат она што го штедел, а дека тогаш исто така може да биде вклучен со своето искуство, знаење и вештини во сите сфери на животот вклучително и да работи.

Се залагаме за достоинствени пензии.

Се залагаме за достапни и квалитетни пензионерски домови и за достапни и квалитетни геријатриски институции.

### 7.1.8 Мултикултура

Ние имаме граѓански приод, се бориме да го елиминираме етноцентризмот во политиката и се залагаме за инсталација на почитта, славењето и заштитата на нашата мултикултура, што ќе направи да бидеме богати како држава. Се бориме за да живееме сите заедно, а не паралелно, со исти права и обврски пред државата.

### 7.1.9 Храна, вода, воздух, тишина

Наша политика е дека граѓаните на Македонија треба да бидат заштитени од нездрава храна и дека Македонија треба да достигне значаен степен на независност во производството на храна.

Сметаме дека правото на чиста вода, чист воздух и тишина се основни човекови права. Наша политичка цел е да ги заштитиме и да им овозможиме на граѓаните на Македонија во целост да ги уживаат истите.

Сите природни ресурси, вклучително и изворите на вода им припаѓаат на сите граѓани на Македонија. Тие се национално богатство и истите треба да бидат максимално заштитени со законски решенија, програми и мерки.

### 7.1.10 Заштита на потрошувачите

Наша политика е максимална и квалитетна заштита на потрошувачите. Истата планираме да ја постигнеме преку подобрување на законските решенија поставени со Законот за заштита на потрошувачите и со мерки и програми кои ќе го зголемат квалитетот на домашните производители, ќе наметнат повисоки стандарди на квалитет при увоз и ќе ја зголемат софистицираноста на македонскиот потрошувач.

### 7.1.11 Дефинирање и заштита на добра од општ интерес

Нашиот Устав дефинира добра од општ интерес, а наша политика е да се додефинира што се добра од општ интерес за граѓаните на Македонија и за истите да се подобри законската регулатива со цел нивна подобра заштита.

Сметаме дека за овие категории е потребно знаење и јасно разбирање помеѓу граѓаните како и да се формулираат и спроведуваат практични и конструктивни решенија за заштита на истите.

Граѓански фронт ќе дејствува во насока на зачувување на добрата од општ интерес без разлика на моменталниот политички статус и идната улога во политичкиот живот во Македонија.

### 7.1.12 Цивилизиран однос кон животните

Се залагаме за цивилизиран однос кон животните.

## 7.2 Почит

Сметаме дека сите односи помеѓу луѓето треба да се засноваат пред сè на меѓусебна почит којашто треба да ја издигнеме на повисоко ниво. Секако дека на тоа работиме најпрво со наш пример.

## 7.3 Атрибути на државноста

Атрибутите на државноста се претставени во името, знамето, грбот и химната на државата. Сметаме дека тоа се симболите кои ја изразуваат и кои имаат цел да изградат самопочит и самоидентификација кај сите граѓани на земјата.

Име – иако меѓународното право допушта секоја држава и секој народ сам да си го избира името на сопствената држава, подготвени сме да разговараме со заинтересираните страни исклучиво и единствено за меѓународната употреба (ерга омнес), но не и за домашната употреба на уставното име Република Македонија. Основен постулат е дека сите луѓе, а со тоа и сите нации и држави, се еднакви и дека секоја генерација има право на свој Устав, а со тоа и на уставно име по нејзин избор. Сите обврски преземени надвор од принципите на меѓународното право и спротивно на мнозинската волја изразена на референдумот од 1991 година ги сметаме за ништовни, а со тоа и меѓународните договори склучени по тој повод.

Знаме – неопходно е разграничување на државното знаме од знамињата и симболите на етничките заедници. Потребна е целосна и доследна примена на законите за употреба на државните симболи. Знаме на друга држава не смее да се користи во простории на државни институции (општините вклучително) и да се истакнува јавно на зградите на тие институции или на друг јавен простор. Од друга страна, секој граѓанин има право да го вее знамето коешто сака.

Грб – потребна е дебата за нов државен грб кој најсоодветно ќе ја отсликува Македонија од географски и од историски аспект. Сонцето и цветот од афион треба да бидат задолжителни елементи во новиот грб, а преостанатите елементи треба да се усогласат со консензус и со добра волја.

Химна - се залагаме за зачувување на химната на македонскиот народ од 1941 година, во која се опева неговата вековна борба за самостојност и државност. Македонскиот народ, како и сите народи во светот, има право на тоа наследство.

Атрибутите на државноста не му припаѓаат никому поединечно за да тргува со нив во меѓународниот промет. Тие се резултат на широк демократски консензус во минатото и сега и како такви не можат да бидат менувани и укинувани без мнозинската волја на граѓаните на Македонија.

## 7.4 Функционална демократија

Според Уставот, Македонија се декларира како демократија и сметаме дека и натаму треба да остане таква.

Се залагаме сите закони да важат за секој државјанин и субјект на целата територија на Македонија.

Бранењето и развојот на функционалната демократија се наша основна политика.

Управувањето со државата во име на сите граѓани треба да го прават луѓе кои се на најдемократски начин избрани од граѓаните на слободни и фер избори.

Сметаме дека лица кои освен македонското имаат дополнително и државјанство на друга земја не треба да имаат право да бидат кандидирани, избирани или именувани во органите на власта како и во јавните претпријатија и установи кои се финансираат од буџетот на државата.

Сметаме дека изборна измама треба да се дефинира како најтежок вид кривично дело.

Свесните лажни ветувања за време на изборна кампања како и измами по изборите мора да бидат квалификувани како кривични дела.

Наша политика е различните нивоа и системи на власт да бидат димензионирани и организирани на начин што е практичен, економичен, целисходен и функционален за управување со Македонија, но и да можат да бидат контролирани и променети од граѓаните доколку не ја исполнуваат целта заради којашто постојат.

Сметаме дека власта не е цел самата по себе, туку е сервис на и во функција на граѓаните.

Сметаме дека е потребно да се доуреди системот со цел комплетно остварување на принципот на поделба на законодавната, извршната и судската власт.

### 7.4.1 Политичка конкуренција - политички партии

Наша заложба е да се променат законите за политички партии и нивно финансирање во насока на овозможување поголема внатрепартиска демократија и излегување на нови идеи и движења на политичката сцена.

Сметаме дека треба да се ограничи можноста поединец да биде претседател на партија или член на извршен и управен орган на партија на максимум 8 години.

Сегашниот начин на буџетско финансирање на политичките партии застапени над определен процент гласачи мора да биде напуштен во полза на овозможување еднакви услови на игра во рамките на политичкиот изборен натпревар.

Сметаме дека предизборното коалицирање треба да биде забранeто со цел јасно да се утврди колку „тежи“ секоја политичка партија поединечно и да се оневозможат условите за изигрување на волјата на гласачите.

### 7.4.2 Законодавна власт

Сметаме дека парламентот треба да го сочинуваат максимум 100 избрани пратеници од една изборна единица (наместо сегашните шест изборни единици) избрани од отворени листи.

Сметаме дека треба на избраните членови на парламентот законски да им се забрани трансфер во извршната власт, државната администрација или во правосудниот систем за времетраење на мандатот кој им е доделен.

Сметаме дека треба да се ограничи можноста поединец да биде член на парламентот на максимум 8 години односно два мандати.

Сметаме дека кандидатите за членови на парламент, пред да бидат ставени на листа, да имаат положено тестови за демократија и функционирање на законодавната власт и да достават уверение за неосудуваност и дека се ментално здрави.

Сметаме дека да се биде избран за член на парламент е чест дадена од граѓаните и е одговорност спрема нив и затоа членовите на парламентот немаат право на апанажа, а нивното работење треба да биде организирано на најекономичен и најцелисходен начин.

Тие не смеат да бидат поставени над другите граѓани пред законот односно не смеат да уживаат имунитет.

Правото на апанажа мора да биде укинато, затоа што пратениците ги става во повластена положба над другите граѓани.

### 7.4.3 Извршна власт

Се залагаме за отчетност, одговорност, транспарентност и етика во функционирањето на извршната власт и воспоставување на ефикасни инструменти и систем на меѓусебни проверки.

#### 7.4.3.1 Централна власт

Наша заложба е да се промени системот на извршната централна власт со тоа што би се вовел претседателски систем со директен избор на претседател од страна на граѓаните на непосредни, слободни и фер избори, а претседателот да си избере Влада.

Кандидатите за претседател мора да дадат уверенија за неосудуваност и за нивното ментално здравје пред  изборите.

Кандидатите за претседател мора да претстават една третина од членовите на својата влада на почеток на кампањата на изборите, вклучително и првиот министер односно премиер.

Се заложуваме за дефинирање на ресорите на Владата во насока на намалување и рационализација на организацијата на истата односно намалување на бројот на министри/министерства.

Сметаме дека треба да се ограничи можноста поединец да биде претседател на Македонија на максимум 8 години односно два мандати. Сметаме дека поединец кој е или бил претседател на Македонија не смее потоа да биде член на парламент, министер во Влада, градоначалник, гувернер на Народна банка, претседател или судија во Уставен, Врховен или Управен суд.

Претседател или министер во Влада не може во исто време да биде и претседател на политичка партија.

Сметаме дека треба да се ограничи можноста поединец да биде министер на едно или повеќе министерства на максимум 8 години односно два мандати.

#### 7.4.3.2 Локална власт

Сметаме дека општините треба да бидат наша предност - национален фактор од највисоко значење за развој.

Сметаме дека треба да се разгледа територијалната поделба на општините и критички да се види бројот на општини како и да се изврши регионализација на одделни функции на општините кои се неекономични на општинско ниво.

Наша заложба е промена на регулативата со цел јасна и транспарентна фискална децентрализација за да бидат општините посамостојни во своето дејствување.

Сметаме дека треба да се доразвие Законот за данок на имот и истиот да биде еден од носечките приходи во буџетите на општините, и кој треба да дава повеќе слобода на локалната власт за одредување на категориите и висината на данокот.

Сметаме дека треба да се ограничи можноста поединец да биде градоначалник или советник на максимум 8 години односно два мандати.

Сметаме дека со поголема фискална децентрализација општините треба да земат и поголемо учество во одлучувањето и развојот на одредени сфери од животот, пред сѐ во делот на економијата, екологијата, културата, спортот и социјалата.

Наша заложба е да ја поттикнеме локалната демократија од основно ниво.

Сметаме дека е потребна промена и на Законот за градба и сите други сродни закони од сферата на уредување и планирање на просторот во насока што ќе им овозможи на општините менаџирање со процесите на градба на нивна територија.

Сметаме дека е потребно понатамошно развивање на ингеренциите на Советите, особено во однос на управувањето со јавните претпријатија кои се во сопственост на општините.

#### 7.4.3.3 Јавни претпријатија

Се залагаме за максимална економичност, продуктивност и рентабилност на јавните претпријатија, при што ќе бараме максимално постигнување на целите кои мораат да бидат поставени во согласност со причината за нивно постоење.

Се залагаме за носење на јасни и транспарентни планови за работење и развој на секое јавно претпријатие.

Се залагаме за објективна ревизија на работењето на јавните претпријатија и за отчетност и спроведување на законите доколку ревизијата покаже девијации во работењето.

Сметаме дека треба да се редефинираат законските и статутарните одредби во однос на изборот на управните и надзорните одбори на јавни претпријатија, при што ќе се редефинира и улогата на општинските совети и на Собранието во однос на управувањето на истите.

Сметаме дека еден човек не може да биде член на УО на повеќе од едно јавно претпријатие и дека при изборот треба да се земе предвид можноста за некомпатибилност на одредени функции. Исто така сметаме дека треба да има временски ограничувања на членување во овие управни тела.

### 7.4.4 Судска власт - правна држава

Ние се залагаме за:

- вистинско независно судство
- правилно финансирање на судовите
- подобра организација преку редефинирање на улогата на Судскиот совет и на Судскиот буџетски совет, редефинирање на функцијата на Академијата за обука на судии и обвинители
- воведување на специјализирани судови
- промена на начинот за избор на судии, но и градење кариера по принципот на компетенција, објективност, ефективност и ефикасност
- транспарентност и отчетност во работењето на судовите
- воведување на нов систем на критичка анализа и одговорности во судството
- поттикнување и развој на медијацијата во решавање на споровите
- поттикнување и развој на арбитражните судови
- воведување на вештачка интелигенција во судските одлуки и забрзување на судските процеси
- професионално, објективно, ефективно и ефикасно непартиско и неприватизирано обвинителство како и подобра организација на обвинителството и отчетност во нивното работење и можност за ангажирање на обвинители од странство
- еднаквост пред законите преку воведување на систем кој ќе спречува делење на селективна правда
- додефинирање и целосно имплементирање на Законот за даночна постапка во насока пред да се процесира некое кривично-правно дело, во кое сторителот остварил противправна имотна корист односно има незаконски стекнат доход, тој најпрво да се оданочи
- извршувањето на судските предмети да не биде бизнис и извршителите да бидат државни службеници во рамките на судската власт, при што ќе се организираат на начин нивното работење да биде ефикасно, транспарентно, отчетно и во функција на спроведување на правото
- промена на законската регулатива каде што дела поврзани со злоупотреба на службената должност и позиција, а кои го загрозуваат јавниот интерес, јавните добра и поредок ќе бидат без застарување и каде што ќе биде овозможена брза и ефикасна конфискација на средства и имот стекнати со злоупотреба на позицијата, со мито, корупција, непотизам
- правилна употреба на мерката притвор - за достоинствени услови во притвор со правилна употреба на регулативата

- инвестиции во Казнено-поправните домови со цел истите да имаат достоинствени услови, но и за нивна реорганизација за да не се изигрува правдата и да не се нанесуваат неправди
- инвестиции и унапредување на работењето на специјалните притворски/затворски одделенија во болниците за душевни нарушувања како дел од правниот систем
- укинување на можноста за помилување од страна на претседателот на државата и редефинирање на процесите за помилување на затвореници
- исправање неправди нанесени со несреќниот Закон за лустрација.

### 7.4.5 Независно професионално новинарство

Ние се залагаме за:

- независно и професионално новинарство на сите нивоа и на сите медиумски платформи
- правилно регулирање на работењето на медиумите и правилно доделување на концесиите
- елиминирање на цензурирањето, но и борба против лажните вести пред сè преку информирање и едукација како и контрола на независноста на медиумите
- забрана за рекламирање на активностите на извршната власт во приватните медиуми

Сметаме дека јавниот медиумски простор, етерот и интернетот се јавни добра од јавен интерес и затоа се залагаме информациите од јавен интерес и карактер да бидат објавувани бесплатно, без исклучок од сите медиуми од кои ќе биде побарано.

### 7.4.6 Администрација

Ние сметаме дека треба да имаме професионална, непартизирана, добро организирана, ефикасна, економична, регионално дисперзирана и ИТ-базирана администрација на државата.

Сметаме дека институциите на државата треба да бидат сервис на сите граѓани и на правните лица.

Се залагаме за:

- промена на Законот за администрација
- вистинска функционална анализа на институциите, утврдување на основите и целите за нивно постоење, оптимална организациска поставеност (на централно и локално ниво), ефикасност, економичност и квалитет на работа
- носење на нови законски решенија за организирање и работење на државната администрација, со што ќе се направи комплетна реорганизација во согласност со направената анализа
- подобро уредување на односите меѓу носителите на јавниете политики (министрите, градоначалниците и др.) и вработениете во системот
- подобро уредување на начинот за заштита од незаконско постапување на претпоставениете
- годишно поставување на целите на институциите, но и на нивните организациски целини и годишна оцена на оствареното
- анализа на внатрешните процеси и процедури на сите институции и нивно логичко поставување со елиминирање на бесмислени процеси и скриени трошоци

- редефинирање на функциите на набавка, сметководство и финансии
- комплетна дигитализација во работењето на државната администрација со најцелисходни ИТ-решенија вклучително и воведување на вештачка интелигенција и поврзување на сите податочни бази на институциите
- регионална и локална дисперзија/релокација на седиштата на институциите
- префрлување на дел од надлежностите од централно на локално ниво, заедно со вработените
- секој граѓанин треба да има можност да работи во државна администрација, но и да се воведе законска регулатива со која секој поединец ќе може да работи во државна администрација максимум 10 години
- секоја година, секоја државна институција да отпушта 10 проценти од вработените базирано на издржан објективен систем на оцена
- новодефинираниот процес на вработувања да обезбеди соодветна квалификација и компетентност, а не партиска припадност
- задолжителна едукација од минимум часови во годината, а специјално за дигитални вештини на постојната државна администрација
- поврзување со формирање на стручни јадра од поединечните области во кои би биле вклучени научни и стручни работници, приватниот сектор и граѓанскиот сектор
- учење на работното место, постарите вработени да се вклучуваат во едукација на помладите колеги
- еден од критериумите за вработување да биде познавање на  дигитални вештини
- воведување на објективна оцена на постигнатите резултати на администрацијата
- максимална транспарентност во работењето на администрацијата
- порастот на платите на администрацијата да биде во согласност со економскиот пораст на земјата и перформансите на домашното стопанство.

### 7.4.7 Корупција

Наша основна политика е елиминирање на корупцијата во Македонија.

Ќе ја елиминираме корупцијата преку спроведување на нашите политики за прашањата на политичките партии, законодавната, извршната и судската власт и нашите политики за прашањата на државната администрација опишани погоре во овој текст, како и нашите политики за државната ревизија, Б2Г-пазарот и финансискиот систем.

Покрај тоа, сметаме дека е потребна и промена во законите со цел корупливните дела да не застаруваат и тие да се изедначат со предавство, да се допрецизираат одредбите за конфискација на средства и имот стекнати со корупција.

Сметаме дека е потребен добар закон за потекло на имот.

### 7.4.8 Државна ревизија

Наша политика е државната ревизија да се постави каде што треба – на вистинското ниво на името.

Професионална, ефикасна и независна државна ревизија треба да се врши на работењето на сите јавни претпријатија и институции и на сите правни лица финансиски поддржани од

државата, а негативните наоди на истата треба да се доказ во понатамошни судски постапки и иницијална announced капсла за смена на раководители и управители.

## 7.5 Сопственост

### 7.5.1 Приватна сопственост

Ние се залагаме за целосно почитување на приватната сопственост и измени на процесите кои го кршат ова право.

Исто така се залагаме и за критичка анализа на законската регулатива во однос на заедничка сосопственост како што се влезовите во зградите и за нивна доследна примена.

### 7.5.2 Интелектуална сопственост

Ние се залагаме за целосно почитување на интелектуалната сопственост и за позитивни измени на законската и подзаконската регулатива во оваа сфера.

### 7.5.3 Државна сопственост

Сметаме дека во Катастарот е потребно да се запише целиот државен имот со право на сопственост на државата. Потребно е да имаме државен орган кој ќе го заштитува и унапредува тој имот и соодветно ќе управува со него.

## 7.6 Екологија

Ние се залагаме за претворање на Македонија во парк на Европа.

Во таа насока, покрај спроведување на нашите политики опишани погоре во делот „Храна, вода, воздух, тишина“ и подолу во темите „Ресурсите им припаѓаат на граѓаните“, „Просторно планирање“, „Инфраструктура“, „Еколошки одржлив развој“, „Регионално рамномерен развој“, „Локален економски развој“, „Претприемништво и инвестиции“ и „Основни/стратегиски индустрии“, се залагаме за:

- Креирање на развојни зелени политики, со фокус на одржлив развој и овозможување на зелени економии, во однос на сите актери во еко-системите, урбаните и руралните средини
- брзо преминување кон еколошки чисти и обновливи извори на енергија на секое ниво
- целосна организација на собирањето, рециклирањето и преработка на ѓубрето на ниво на целата држава со поттикнување и овозможување развој на конкурентен пазар за рециклирање и преработка на ѓубре
- чистење на диви депонии и други загадени површини и релевантна ремедијација
- поттикнување, насочување и помош на постојните деловни субјекти за постигнување на максимални еколошки стандарди
- поставување на правилни еколошки стандарди за нови деловни субјекти
- забрана за увоз на ѓубре
- воведување на повисоки стандарди и строга контрола на увоз на енергенти
- брз премин од мотори со внатрешно согорување на јаглеводороди кон нови незагадувачки технологии
- темелна заштита на почвите
- доуредување на водното право
- инвестиции во пречистителни станици и системи

- елиминирање на бесмислени одредби за дозволена јачина на звук и наместо тоа регулирање на принципот на нарушување на тишината
- добро организирана независна и ефикасна инспекциска служба
- воведување на нови технологии во спречување на какво било загадување
- прогласување на сите наши планини во национални паркови
- прогласување на многу територии во котлините за заштитени подрачја
- редефинирање на улогата на ЈП „Македонски шуми“ во насока на заштитник на шумите
- поттикнување продажба на електрични возила и конверзија на постојните возила во електрични или во возила со поеколошки гасен погон со олеснети законски регулативи и намалени давачки.

### 7.6.1 Климатски промени

Сметаме дека климатските промени се веќе наша стварност и дека тоа е една од најголемите закани за човечкиот род. Со спроведување на нашите „зелени“ политики ќе дадеме наш придонес во борбата против оваа закана.

Негативните консеквенции за нас ќе бидат пред сè во насока на со научни студии предвидената дезертификација на нашата територија. Процес кој е незапирлив и чиј интензитет ќе се зголемува до 2050 година, а ќе продолжи и понатаму доколку човештвото не најде начин да се справи со оваа закана. Затоа, во нашите политики опишани во деловите „Инфраструктура“ и „Земјоделство“ се залагаме за итно пренасочување на повеќето од инвестициите во изградба на брани и хидромелиорациски системи како и целосно преоѓање кон системи на наводнување капка по капка и преоѓање кон модерно земјоделство односно производство на храна. Ова е императив за опстанувањето на Македонија.

Исто така, ќе се доразвијат и дополнителни соодветни политики и законски решенија во сферата на стратешкото планирање, урбаното/просторното планирање, а со цел навремено да се обезбедат превентивни мерки и ресурси, за последиците од климатските промени врз флората, фауната и населението.

Сметаме дека како резултат на климатските промени ќе има сè поголеми (и сè поверојатно исклучително насилни) миграциски движења на луѓето, при што нашата територија е еден од коридорите на тие миграции. Затоа ние мора да се подготвуваме со подигнување на нашите безбедносни системи, што е опишано во делот „Безбедност“.

## 7.7 Меѓународни односи

Се залагаме за  проактивна надворешна политика која од Македонија ќе направи угледна и почитувана европска држава и која ќе ги прифати и спроведе највисоките стандарди на управување и функционирање.

Сметаме дека европските интеграции се нашиот прв избор, меѓутоа и дека во ЕУ треба да влеземе гордо и предводени од нашите стратегиски интереси. До целосно и полноправно членство во ЕУ, Македонија нема обврска да води меѓународна политика во целосна согласност со интересите на ЕУ.

Ако гледаме дека ЕУ или нејзини членки удираат по нашите стратегиски интереси или, пак, го одложуваат или стопираат нашето членство со процесите на проширување, ние треба да избереме друг сопствен и автентичен пат, кој пред се ќе ги одразува нашите интереси и аспирации.

Сметаме дека е потребен балансиран однос кон сите соседи. Спорните прашања во соседството  и пошироко треба да се решаваат врз основа на меѓународното право и почитувањето на основните човекови и колективни права.

Преспанскиот договор и Договорот за добрососедство со Бугарија ќе бидат преиспитани заради утврдување на нивната согласност со меѓународното право, меѓународните конвенции и копенхашките критериуми на ЕУ. Во согласност со наодите ќе бидат предложени решенија кои пред сè ќе се водат од националните интереси на граѓаните на РМ во духот на добрососедство и меѓусебно почитување.

Ние одбиваме да бидеме дел од сомнително мотивирани, опортунистички и непринципиелни регионални и глобални политики, спротивни на националните интереси на Македонија  и основните демократски начела и принципи.

Сметаме дека е потребно зајакнување на капацитетите на Министерството за надворешни работи за водење економска дипломатија и проектирање на принципот на мека моќ во меѓународните односи.

Се залагаме за создавање на центар/институт за политички анализи и обука на дипломатскиот персонал.

Создавање на центар за континуирана обука на дипломатскиот кадар и водење јавна дипломатија.

Сметаме дека треба да има строги казни за злоупотреба на службената должност во дипломатската служба и меѓународното претставување на Република Македонија.

Сметаме дека е потребно да се спречат процеси на концентрација на дипломатската моќ заради оневозможување на злоупотреби во иднина. Сметаме дека се потребни ротации на кадри и проверки и тестирања на знаењата и интегритетот на личноста.

Односите со амбасадите и конзулатите треба да бидат стриктно во рамките на меѓународните конвенции.

Сметаме дека нашето богато културно наследство, фолклорот и народното творештво се наши најдобри амбасадори во светот.

Се залагаме за наша проактивна политика која ќе го истакне нашиот став дека меѓународните проблеми треба да се решаваат преку дипломатија во рамките на правилата и процесите кои се поставени од страна на меѓународните организации. Сметаме дека треба да се врати угледот и значењето на меѓународните организации во решавање на меѓународните и глобални проблеми.

### 7.7.1 За македонските работи

Ние сме граѓанска партија која протежира граѓански концепт во државата каде што се почнува од граѓанинот и е за него. Македонија е мултикултурна држава и е држава каде што се практикуваат повеќе религии. Веруваме дека силата на заедништвото се заснова врз почитта и заштитата на сите заедници во земјата и надвор од нејзините граници.

Во текот на последната деценија, од надворешните фактори се спори постоењето на македонската нација, историја, јазик и народ. Нашиот пат е во Европската Унија и се гледаме

како дел од нејзината мултикултурна сегашност и иднина. Во рамките на европските вредности ќе се бориме за достоинствено место на македонскиот народ во нејзиното семејство како рамноправен член со право на минато, сегашност и иднина. Оттука, нема да дозволиме преговори за влез во Европската Унија кои би ги засегнале нашето име, нашата посебност, историја, јазик и религија.

Се залагаме процесот на преговори со ЕУ да стане транспарентен и отворен за сите граѓани на нашата држава. Сите меѓународни договори кои се однесуваат на темата и се потпишани во името на граѓаните од претходната власт, а кои не се поставени на увид на граѓаните или не се почитувал гласот на граѓаните при нивното потпишување, ќе подлежат на ревизија во поглед на нивната уставност и законитост.

Целта не ги оправдува средствата! За ова прашање не се преговара.

Да се спори постоењето на македонскиот јазик или, пак, да се протежираат измислени теории за неговото настанување е неприфатливо и може само да се разбере со постоење на непријателски претензии. За ова прашање не се преговара.

Македонската историја се извлекува од историските факти. Фалсификување на историјата и нечија самоволна ревизија не може и не смее да се дозволи. Секој обид за фалсификување на историјата е непријателски акт. За ова прашање на се преговара.

Македонската православна црква е факт за кој не се преговара. Сè друго е непријателски акт.

Сите одлуки донесени и наметнати без потребното формално мнозинство на граѓаните (како суверен на државата) на референдум (без оглед на карактерот) се ништовни и противправни.

Домашната и меѓународната политика на Македонија мора да бидат засновани врз меѓусебно почитување на етничките заедници на афирмативна основа и без изнудени компромиси кои создаваат општествени тензии и ја обесправуваат која било заедница во Македонија.

## 7.8 Безбедност

Ние се залагаме за безбедносна политика која од Република Македонија ќе направи мирно, безбедно, пристојно и уважувано место за живот за сите свои граѓани преку зајакнување на системот на лична и колективна безбедност, со фокус на граѓанинот како основен столб на истата и базирана на знаење и технологија и користење на придобивките од членството во системот на НАТО. Се залагаме за зајакната цивилна контрола врз безбедносните системи и спречување на нивна злоупотреба во внатрешно-политички цели.

Сметаме дека е потребно критички да се погледнат сите законски и подзаконски акти кои ја регулираат безбедноста и да се усогласат со реалноста во која живееме.

Се залагаме за ригорозна кадровска политика во сите безбедносни институции/структури.

Во однос на полицијата сметаме дека:
- се потребни промени во насока на квалитетот и ефикасноста во извршување на задачите
- се потребни усвојување на нови и редизајнирање на постојните процедури за работење
- се потребни инвестиции во обука
- треба да се зајакне внатрешната контрола
- е потребен централизиран систем на пријави и централизирана дистрибуција на налози за дејствување по пријави.

Во однос на Агенцијата за разузнавање, Оперативно-техничката агенција и Агенцијата за национална безбедност сметаме дека треба да се инвестира во обука и технологија и да се зајакне цивилната контрола.

Во однос на Армијата и служење воен рок сметаме дека е потребно да се воведат регрутниот систем и задолжителен резервен состав, при што секој граѓанин ќе биде дел од тој резервен состав. Потребни се континуирани обуки и вежби како за активните така и за резервните сили.

Сметаме дека е потребно критички да се преиспита организацијата и финансирањето на Министерството за одбрана, да се изврши оцена на целокупниот кадар.

Во однос на Центарот за управување со кризи сметаме дека е потребно критички да се преиспита неговата организација и дека се потребни инвестиции во техничка опременост и оспособеност.

Сметаме дека противпожарната заштита треба да се издигне на многу повисоко ниво, и на ниво на општини и на ниво на држава.

Во однос на сите институции кои се фактор на безбедност сметаме дека е потребна анализа која би покажала кои се ресурсите што можат да се делат т.е. заеднички да се користат за да не се дуплираат инвестициите и трошоците.

## 7.9 Образование

Сметаме дека образовниот систем е еден од најважните столбови за општествен и економски развој на Македонија.

Се залагаме за:

- градење консензус помеѓу релевантните субјекти околу реформските промени, за нивна континуирана имплементација надвор од рамките на еден четиригодишен политички циклус и постигнување консензус околу форматот и темпото на едукативните реформи
- едногодишна и петгодишна ревизија на реформските планови
- зголемување на опфатот на деца во образовниот процес до 100 проценти од малолетната популација во основното образование
- реформа на образовните програми и методики на наставата
- зголемување на инвестициите во образованието како дел од БДП на 7 проценти со годишно зголемување за 1 процент, со што тоа ниво би се остварило во петгодишен временски циклус
- значајни инвестиции во подобрување на условите во основните и во средните училишта и во набавка на образовни и нагледни средства
- инвестиции во развој на нови и модерни учебници, училишни лаборатории и прототипни студија во согласност со современите текови
- надградување на моменталните училишни информативни платформи за административно, дисциплинско и академско водење на училиштата. Надградување на истите со платформа за менаџирање на учењето којашто ќе обезбеди дигитален пристап до сите учебници и нагледни средства

- реформа на Педагошката академија при Филозофскиот факултет, како и ревизија на програмата што наставниот кадар мора да ја следи за своја квалификација/сертификација
- создавање на ново сертификациско тело кое ќе може да направи квалификација и преквалификација на образовниот кадар за да работи според новата реформирана програма
- доедукација и континуирана едукација и обука на наставниот кадар
- реформа на Државниот образовен инспекторат да содејствува со новите образовни реформи
- реформа во средното стручно образование со воведување нови современи програми, инвестиции во опрема и лаборатории, а во координација со потребите на стопанството, што ќе резултира со подготовка на кадри со конкретни стручни и занаетчиски вештини и знаења. Задолжителна практична работа како дел од матурските обврски
- промоција и поттикнување на практичната работа
- подготовка/објавување, дискусија и преземање акции врз основа на годишни анализи на трендовите за потребите од работна сила во земјата и во регионот
- воведување на задолжителна програма за помош на заедницата, која секој ученик ќе мора да ја реализира на годишно ниво, секој ученик од шесто одделение основно до четврта година средно образование, а која би била реализирана од постојниот наставен кадар во улога на ментор
- квалитетно високо образование атрактивно за домашните студенти, но и за студентите од целиот регион на Западен Балкан и пошироко
- создавање на атрактивна регионална високообразовна институција во партнерство со етаблиран странски универзитет, којашто ќе може да парира на слични такви институции во регионот и којашто ќе ги смени перцепцијата и квалитетот за приватното високо образование
- ревизија и целосна имплементација на Законот за високо образование, особено во делот на процесите за акредитација и оцена на образовниот процес на институциите
- организација на систем кој овозможува и поттикнува доживотно учење за сите граѓани на Македонија.

Се залагаме за образование кое гради луѓе кои имаат моќ за критичко размислување, но и кои имаат релевантни морални вредности како и релевантни знаења и вештини.

## 7.10 Наука

Се залагаме за сериозни и релевантни инвестиции во науката и подобрување на соработката помеѓу научните институции и бизнисот, а која ќе биде во функција на развојот на Македонија, но и на човештвото.

Во тој поглед се залагаме за:

- мапирање на сите истражувачки институти, лаборатории и центри
- зајакнување на носечките институции преку инвестиции во опрема и финансирање, но и преку нивна реорганизација
- создавање на центри на одличност или посебни истражувачки центри

- воспоставување отворена база на центрите заедно со информации за нивните капацитети и стручност со цел истите да станат видливи и корисни за граѓаните, граѓанскиот сектор и бизнисот
- создавање на обновливи фондови за наука
- поттикнување соработка меѓу нашите, но и со странски научни институции и научници
- воспоставување на процеси и центри за трансфер на технологии кои ќе дејствуваат позитивно на нашиот развој.

## 7.11 Социјална политика

Во моментот, 40 проценти од граѓаните во Македонија живеат под границата на сиромаштија, а речиси 80 проценти се третираат со мерките на придонеси од социјалната политика и се своевидни социјални случаи. Со спроведување на нашата економска политика, огромен дел од тие граѓани ќе станат средна класа.

Се залагаме за издвојување на категоријата труд од социјалната политика. Тоа значи дека Агенцијата за вработување, инспекторатите за труд и преостанатите релевантни институции и тела треба да се преместат во Министерството за економија. Работниците, работодавците и капиталот се алки во истиот синџир на економијата и треба да се координираат заемно и од една институција која ја спроведува владината политика.

Понатаму, третманот на човековите права на некои ранливи групи, кои реално не се социјално загрозени туку страдаат од дискриминација, треба да се префрли во Министерството за правда.

Сметаме дека единствен „лек“ за социјално загрозените граѓани се едукацијата и образованието. Затоа, новото министерство за образование и наука треба да има широки надлежности и ресурси да се бори на вистински начин со социјалната исклученост.

Новото министерство за социјална политика исклучиво ќе се занимава со оние индивидуи во општеството кои поради моменталната состојба и ефектот на наследство од минатата дискриминација не успеваат да се извлечат од незавидната состојба. Целта на ова ново министерство не смее да биде одржување на безнадежноста на овој слој граѓани со ситни фискални надоместоци, туку едукација, оспособување, охрабрување, расчистување со стигмата и враќање на овој слој граѓани во пристојна средна класа.

Но патот до оваа цел е тежок и долгорочен. Секогаш ќе постои некој кој не може да ја издржи трката со животот. Затоа ние се залагаме за правилно таргетирање и идентификување на социјално ранливите групи, специјална грижа за овие групи (особено децата, лицата со посебни потреби и старите и изнемоштени лица кои со стареењето на нацијата стануваат сè помногубројни) и за политика со која ќе им се овозможи да фатат чекор со сите други за да се подобри квалитетот на животот на сите нас.

Во таа насока сметаме дека е потребно да се подобрат релевантните законски регулативи, добро да се испланираат буџетските средства и соодветно да се дистрибуираат, институциите да се реорганизираат, а процесите да се редизајнираат.

Се залагаме за воведување на систем на „обратна хипотека“ за старите и изнемоштени лица.

Затоа што „Македонија е премногу мала за да може да се откаже од придонесот на кој било нејзин граѓанин“.

## 7.12 Здравствен систем

Се залагаме за квалитетно здравство со јавен и приватен дел, базирано на наука и медицина засновани на докази и кое квалитетно го продолжува траењето на животот на граѓаните на Македонија.

Фундаментално за квалитетно здравство е начинот на финансирање. Се залагаме за здравствено осигурување како комбинација од Бизмарковиот модел и Бевериџ моделот, базирано на наука - актуарска математика, на лична одговорност и лично плаќање, а кое ќе функционира и во јавниот и во приватниот дел од здравствениот систем.

Во тој однос, се залагаме за целосно реструктурирање и редизајнирање на работата на Фондот за здравствено осигурување и развој на други приватни здравствени осигурителни фондови.

Сметаме дека треба да се воведе сеопфатно здравствено воспитување како посебен предмет уште во основното образование.

Сметаме дека е потребна нова правилна кадровска политика во јавното здравство.

Сметаме дека е потребен систем на континуирано учење и обука на сите кадри во здравствениот систем и дека треба лекарите да се растоварат од преобемната администрација.

## 7.13 Култура и уметност

Наша политика е дека основната цел во однос на културата и уметноста треба да ни биде омасовувањето и градење личност на младите, реален и здрав социјален живот за сите граѓани, а потоа и постигнување врвни резултати.

Сметаме дека културата е сврзувачко ткиво на општествените процеси и затоа е од исклучителна важност.

Се залагаме за дефинирање на општините како основни носители на развојот на културата и уметноста и на националните институции како носители на врвни културно-уметнички активности.

Со нашата погоре опишана политика за фискална децентрализација, во делот „Локална власт“, ќе се создадат значајно поголеми буџети во општината. Имајќи предвид дека домовите на култура се во сопственост на општините, сметаме дека општините преку носење на стратегии за развој на културата и уметноста и преку спроведување на истите ќе обезбедат постигнување на погоре опишаните цели.

Сметаме дека националните културно-уметнички институции треба да бидат паметно финансирани и организирани за да ги постигнат своите цели.

Сметаме дека значајните културно-уметнички настани секогаш треба да бидат гледани и низ призмата на привлекување странски туристи.

Се залагаме за континуиран процес на дигитализација на културното наследство и правилно финансирање и организирање на музеите и правилно чување на артефактите.

Сметаме дека од исклучителна важност се и археолошките наоѓалишта како и старите цркви, џамии и манастири. Треба да се чуваат со особена грижа и да се стават многу повеќе во функција на образованието и туризмот. Неопходно е да се создаде еден поинаков систем и политики на заштита и зачувување на историското, културното и градителското наследство, кој ќе овозможи континуиран мониторинг, одржливост на заштитата, грижата и промоција на истото.

## 7.14 Спорт

Наша политика е дека основна цел во однос на спортот треба да ни биде омасовувањето и градење личност на младите, реален и здрав социјален живот за сите граѓани, а потоа и постигнување врвни спортски резултати.

Се залагаме за дефинирање на општините како основни носители на развојот на спортот, на Агенцијата за спорт како координатор и на националните асоцијации како носители на организацијата на натпреварувањата.

Со нашата погоре опишана политика за фискална децентрализација, во делот „Локална власт", ќе се створат значајно поголеми буџети во општината. Имајќи предвид дека училиштата со спортски терени и другите вонсколски спортски терени се во сопственост на општините, сметаме дека општините преку носење на стратегии за развој на спортот, со организација на градски спортски друштва и под нив спортски клубови и со финансирање на тие клубови ќе обезбедат постигнување на погоре опишаните цели.

## 7.15 ЕКОНОМИЈА

Ние се залагаме за развој на вистинска пазарна економија базирана на приватна сопственост над средствата за производство, за поттикнување на претприемништво и во малите и во средните претпријатија, при што државата ќе има улога на регулатор на пазарите и пазарните сили и заштитник на конкуренцијата, потрошувачите и чистата околина.

Наша посебна политика е фокусирање на зголемувањето на извозната ориентација и конкурентноста на домашните компании.

Наша политика е да има постојан дијалог помеѓу законодавната и извршната власт, претприемачите/стопанството и работниците со цел лоцирање на проблемите и надминување на истите.

### 7.15.1 Од сиромаштија кон многубројна средна класа

Еден од најголемите проблеми во последните 30 години е сиромаштијата кај повеќе од 80 проценти од граѓаните на Македонија. Ние се залагаме за брз економски развој и создавање на многубројна средна класа во Македонија. Ќе создадеме средна класа само ако овозможиме поголем број граѓани да добиваат самоодржливи солидни приходи.

Платата како дел од можните приходи ќе се зголемува со текот на времето преку поттикнување на претприемништвото и отворање нови фирми, што ќе ја зголеми побарувачката, а со тоа и цената на трудот т.е. платата. Но тоа е на подолг рок.

За да добиеме на време и што побрзо да го решиме проблемот со сиромаштијата предвидуваме поделба на државното земјоделско земјиште на сите граѓани на Македонија и

тоа еднакво. На таков начин, значаен ресурс, кој може да биде обработуван и да даде профит, може да биде изнајмен и да дава рента, а може да биде продаден и да даде еднократни финансиски средства, ќе биде во рацете на граѓаните на Македонија.

Предвидуваме и давање на градежно земјиште за фотоволтаични централи за производство на електрична енергија (понатаму фотоволтаици) на сите граѓани на Македонија еднакво како и лиценца за производство со право на слободна продажба. Исто така, предвидуваме давање на финансиски кредити за да можат да се финансираат централите. Предвидуваме и можност за здружување на овие инвестиции на ниво на држава, при што сопственоста ќе биде во рацете на граѓаните. На таков начин граѓаните ќе добијат значителни приходи кои ќе покријат значаен дел од годишните трошоци на поединецот односно на фамилиите.

Со овие две мерки и со спроведувањето на преостанатиот дел од нашата економска програма предвидуваме брзо зголемување на приходите на граѓаните на Македонија, излегување од магичниот негативен круг на сиромаштијата и создавање на значајна средна класа.

### 7.15.2 Ресурсите им припаѓаат на граѓаните

Сметаме дека сите природни богатства односно ресурси кои се наоѓаат во државата им припаѓаат на граѓаните на Македонија.

Затоа ќе ги преиспитаме сите дадени концесии во однос на еколошките импликации и ќе ги редефинираме финансиските односи со концесионерите и контролата.

Во случаи на екстрактивни индустрии се залагаме за стриктни претходни еколошки испитувања. Доколку се даде согласност за инвестиции во овие индустрии, се залагаме приходите од концесиите наместо во буџетот на државата да одат во специјален пензиски фонд на граѓаните на Македонија, кој ќе има право да инвестира на нашата берза на хартии од вредност.

Се залагаме за ефикасна и ИТ-базирана контрола над работењето на концесионерите во однос на запазување на еколошките стандарди и во однос на обемите на екстракција.

Во случаи на концесии над водните ресурси за производство на електрична енергија ќе се залагаме за национализација, при што средствата за производство да бидат ставени во јавно претпријатие кое ќе биде во сопственост на државата. Дивидендата од ова претпријатие ќе оди во пензиски фонд на граѓаните на Македонија. Ова јавно претпријатие ќе подлежи на стриктна годишна финансиска ревизија.

Спроведувањето на овие политики значајно ќе придонесе и за зголемување на приходите на граѓаните, што е во согласност со политиката опишана погоре, за брзо надминување на сиромаштијата.

### 7.15.3 Просторно планирање

Оптималното просторно планирање е од круцијална важност за одржливиот економски развој.

Грешките во просторното планирање се ненадминливи на многу долги рокови и сериозно ја загрозуваат можноста на државата за развој.

Затоа се залагаме за научно заснован приод, редефинирање на самите процеси и на носителите на просторното планирање, се залагаме за просторно планирање кое ќе биде во согласност со Стратегијата за одржлив развој на РМ, другите наши економски политики и зацртани цели, за институционално зајакнување на носителите на просторното планирање. Овој процес е дел од нашата погоре дефинирана заложба за државата како носител за овозможување на економскиот развој.

Се залагаме за забрзување на подготовката на Просторниот план на Македонија, 2022–2042 година. Просторниот план мора да стане најзначаен развоен документ, а фискалната стратегија и буџетите инструменти за негово исполнување. Просторниот план мора да стане втор највисок национален акт, по Уставот.

### 7.15.4 Инфраструктура

Во иста насока, за улогата на државата како носител за овозможување на економскиот развој се залагаме за брз, прагматичен и економски издржан развој на инфраструктурата во државата која ќе овозможи најбрз пораст. Сметаме дека е императив Македонија да определи една цела деценија на издржани правилни инвестиции во инфраструктурата и во таа насока се залагаме за дефинирање на следните приоритети во изградба на инфраструктурата: локални патишта кои поврзуваат села и две или повеќе општини, електрична и интернет-мрежа до сите градови и села, водни акумулации и хидромелиоративни системи, велосипедски, пешачки и планинарски патеки, регионални патишта кои во некое идно време ќе прераснат во автопатишта, железнички пруги за поврзување со морски пристаништа.

### 7.15.5 Одржлив развој

За нас е приоритет максималната заштита на природата во сите економски активности. Сакаме Македонија да ја претвориме во парк на Европа. На таков начин ќе имаме најголеми бенефиции за сите граѓани.

### 7.15.6 Регионално рамномерен развој

Со децении имаме нерамномерен регионален развој во Македонија, при што повеќе од 60 проценти од економската активност е концентрирана во Скопје. Се залагаме за вистинска политика на рамномерен регионален развој, при што основа за спроведување ќе биде намалување на разликите во регионалниот развој, релокација на државните институции низ сите општини во државата како и правилно просторно планирање и инвестиции во инфраструктурата . Со политиките за регионален рамномерен развој ние го промовираме одржливиот развој во најширока смисла во сите региони, зачувувајќи ги ресурсите и можностите за развој на идните генерации. Со регионалната политика се стремиме кон рамномерен регионален развој на цела Македонија, кој се заснова на економска ефикасност, социјална правда, општествена одговорност и заштита на животната средина.

### 7.15.7 Локален економски развој

Локалниот економски развој ќе игра значајна улога во националниот и регионалниот економски развој и развојните стратегии. Со правилното поставување на процесите на просторно планирање, со политиката на регионално рамномерен развој, со правилното и

транспарентно одредување на фискалната политика во однос на финансирање на општините и со мерки за обука на кадарот ќе овозможиме секоја општина да оствари планирање на локалниот економски развој, но и спроведување на истиот.

Фокусот во секоја општина ќе биде насочен кон зајакнување на техничките вештини и капацитети за спроведување на економските стратегии во согласност со принципите на добро владеење и здраво финансиско управување. Нашиот пристап за поттикнување на локалниот економски развој е воспоставување на тесна соработка на локалната самоуправа со приватниот и невладиниот сектор со цел подобрување на конкурентноста, поттикнување на инклузивен и одржлив развој и подобрување на квалитетот на животот на обичниот граѓанин.

### 7.15.8 Фискална политика

Ние се залагаме за:

- добро одмерена и праведна фискална политика која ќе го поттикнува развојот на економијата и која ќе овозможува постигнување на поголема конкурентност на домашните компании и поголема вработеност
- одговорна и домаќинска фискална политика која ќе остварува макроекономска стабилност и ќе води сметка за стратегиските интереси на државата
- заштита на правата и правните интереси на даночните обврзници, подрачје на кое стоиме многу лошо
- реформи во системите за спроведување на фискалната политика со цел истите да бидат ИТ-базирани, поекономични, поефикасни, да оневозможуваат даночна евазија и да се организирани на начин со кој ги постигнуваат целите на оваа политика, но и на начин што на фирмите и граѓаните не им прават проблеми при интеракциите
- прецизно, праведно и транспарентно спроведување на фискалната политика во однос на финансирањето на државниот и општинските буџети
- интензивна меѓународна правна помош низ соработка, со стекнување нови знаења, реални споредувања и висок квалитет
- забрзување на целокупниот систем на јавни финансии како силно искористување на дадена предност на мала земја
- продолжување на даночните реформи, но не по теркот на „постојано сме во реформа“ туку преку квалитетни и постојани подготвувања за реформи
- осовременување и квалитетно оспособување на даночното тело – УЈП, но и на локалното даночно тело по општините, во заедничко дејствување
- постојана и ефикасна борба против даночните измами
- воведување на повеќегодишно буџетско планирање и годишни буџети засновани на повеќегодишните планови.

### 7.15.9 Монетарна политика

Монетарната политика е еден од најзначајните инструменти на макроекономската политика на земјата за остварување на нејзините основни цели.

Затоа ќе се залагаме за спроведување на монетарна политика насочена кон остварување на повисоки стапки на економски пораст и максимална можна вработеност, со задржување на пазарната стабилност и стабилност на девизниот курс на денарот.

### 7.15.10 Стратегиско (развојно) планирање

Се залагаме за континуиран и одржлив развој на националниот статистички систем особено на Државниот завод за статистика како координатор на тој систем во функција на обезбедување на навремени, квалитетни, веродостојни, релевантни и сеопфатни податоци за сите области. Сметаме дека е неопходно да се овозможи унапредување и понатамошно усогласување на националниот статистички систем со европскиот статистички систем преку почитување и имплементирање на сите меѓународни препораки и стандарди.

Така, развиениот статистички систем ќе биде здрава основа за креирање издржани стратегиски развојни планови како на национално така и на регионално и локално ниво.

Се залагаме за воведување и развој на процес на стратегиско/развојно економско планирање со кое Владата, но и локалната власт ќе ги дефинираат развојните приоритети, ќе поставуваат цели и ќе анализираат алтернативни стратегии за најефикасна употреба на ограничените развојни ресурси со цел подобрување на капацитетот на националната односно локалната економија за изградба на подобра економска иднина и обезбедување прифатливо ниво на благосостојба на сите нејзини граѓани. За овој процес ќе се залагаме со дефинирање на институционална и методолошка основа, која ќе се заснова врз принципот на одржливост, инклузивност, добри практики и иновативност.

### 7.15.11 Односи со мултилатерални финансиски институции

Се залагаме за односи со Светска банка, со Меѓународниот монетарен фонд и со други мултилатерални финансиски институции каде што меѓусебните аранжмани ќе бидат добро осмислени, во согласност со нашите интереси, нашата надворешна политика, нашите развојни цели и политики, но и ќе бидат дефинирани во согласност со стварната специфична ситуација во земјата и кои ќе донесат максимален позитивен учинок.

### 7.15.12 Државен долг

Корупцијата е повеќегодишна рак-рана на нашето општество и е општопознат факт кој им бил познат на домашните и на странските кредитори на Македонија. Во моментот на давање на кредити тие знаеле дека дел од парите кои ги даваат на Македонија ќе завршат поради таа корупција во џебовите на корумпираните владетели/моќници и дека целиот долг ќе падне на сите граѓани. Бидејќи тоа го знаеле однапред, кредиторите биле соучесници во грабежот, па затоа сметаме дека долговите кон нив треба да се намалат еднострано од државата, а секоја наплата на украдените средства понатаму може да се дели со кредиторите доколку и тие помогнат во антикорупциската борба и заложба.

Понатаму, ние ќе се залагаме за развојно, транспарентно и одговорно задолжување.

### 7.15.13 Недвижности во сопственост на државата

Сметаме дека е потребно да се направи попис на сите недвижнини што се во сопственост на разните државни органи, а кои не се користени или чија намена не е во кореспонденција со целите за кои постојат тие институции. Треба критички да се анализира како тие недвижности можат да се искористат на најсоодветен начин, а во функција на развојот.

Се залагаме за забрана за продажба на земјоделско земјиште а доколку тоа се деси за национализација на истотот. Земјоделското земјиште сметаме дека треба да се подели на сите граѓани на Македонија.

### 7.15.14 Претприемништво и инвестиции

Сметаме дека вистинските претприемачи се херои на нашето време и мораме да создадеме услови тие да бидат над 5 проценти од вкупното население. Но се залагаме и за бескомпромисна борба против криминалните однесувања и создавање на најблагопријатна средина и враќање на угледот на успешниот претприемач.

Се залагаме за:

- поттикнување и помагање на претприемништвото и на малите и на средните претпријатија
- подобро образование, обука и усвојување нови знаења на претприемачите
- поттикнување на инвестициите и елиминација на дискриминацијата која ја има кон домашните инвеститори
- оневозможување на странски инвестиции во монополски и олигополски индустрии, во екстракција на природни ресурси, во индустрии што загадуваат и во индустрии базирани на евтина работна сила
- елиминација на сивата економија со цел да се добијат еднакви конкурентни услови за бизнис за сите претпријатија
- елиминација на скриените трошоци и разни административни препреки за основање и водење на претпријатијата
- зголемување на конкурентноста на нашите фирми
- овозможување и поттикнување на извозните аранжмани и извозно ориентираните фирми
- Создавање мрежа и партнерства за соработка со компании и организации на дијаспората, во сите сфери од заеднички интерес.

### 7.15.15 Трговска политика и отворање странски пазари

Се залагаме за водење на проактивна самоодржлива трговска политика со идеологија за отворени пазари и заемни фер односи со партнерите, водејќи сметка за трговскиот баланс.

Во таа смисла сметаме дека е потребен континуиран развој на царинските процеси кои би ги следеле процесите и целите на трговската политика.

Сметаме дека не смее да се дозволи да имаме увоз на стоки по дампинг цени кои ги рушат нашето производство и увоз на стоки и кои ги дискриминираат нашите потрошувачи.

Се залагаме за работа на и инвестирање во: конектирање, елиминирање на административните бариери, промотивно и дистрибутивно отворање, а потоа и одржување на странските пазари. Тоа ќе им овозможи на претприемачите да остварат поголем извоз на стоки и услуги. Ќе создадеме бренд „Направено во Македонија“ (Made in Macedonia) пред сѐ во индустриите кои ни се битни.

### 7.15.16 Пазар на труд

Наша политика е пазарот на труд да го регулираме во насока на воспоставување фер, едноставни и чисти односи помеѓу работодавачите и работниците.

Наша политика е да воведеме саатница наместо месечна плата и воведување на исплата на бруто наместо нето-плата за работниците.

Сметаме дека со нашата политика за поттикнување на претприемништвото и инвестициите ќе ја зголемиме побарувачката на работна сила, со што ќе се зголеми и цената на трудот односно платата.

Се залагаме за организирање на соодветни процеси на квалификации и преквалификации во согласност со побарувачката, но и во согласност со антиципацијата за идна побарувачка на пазарот на труд и долгорочно јакнење на знаењата и вештините на кадрите.

Се залагаме за редефинирање на регулативата која се однесува на безбедноста на работните места во насока на реално зајакнување на безбедноста, воведување на едукација и обука и во насока на елиминирање на бесмислените фиктивни одредби кои протежираат економски прелевања, а реално немаат никаков реален ефект на безбедноста на работењето.

Се залагаме за преминување на грижата за пазарот на труд од Министерството за труд и социјална политика кон Министерството за економија. Сметаме дека сè додека го третираме трудот како социјала, работниците ќе бидат социјалци и затоа сакаме да ја направиме и таа институционална промена, што е во согласност со нашите политики за реорганизација на државната администрација.

Арбитражата ќе биде задолжителен прв чекор во решавање на споровите во работните односи.

Се залагаме за развој на реален систем на синдикално здружување и елиминирање на фиктивниот систем наследен од социјализмот.

#### 7.15.16.1 Синдикати на работници

Сметаме дека од круцијално значење е синдикалното здружување да застане на вистински основи. Се залагаме за промени во регулативата во однос на синдикалното здружување на работниците и критичка анализа на работењето на сегашните синдикати.

### 7.15.17 Финансиски систем

Наша политика е да се оствари еволуција на финансискиот систем со цел да биде ставен во функција на одржливиот економски развој. Се залагаме за комплетно преоѓање кон електронски пари.

#### 7.15.17.1 Пазар на пари

Се залагаме за:

- измени во законските регулативи за банките, штедилниците и другите небанкарски финансиски друштва да ја остваруваат на ефикасен начин општествената причина за нивно постоење – ефикасна алокација на финансиските средства во општеството

- елиминирање на лихварството и предаторското кредитирање и оневозможување повторна појавува на истите
- воспоставување пазар на пари со кој ќе ја елиминираме олигополската позиција на банките и штедилниците во односите со граѓаните и фирмите
- поттикнување на понудата на долгорочни кредити
- обезбедување на рамномерна регионална понуда
- издигнување на степенот на финансиска интермедијација на ниво на развиените земји.

#### 7.15.17.2 Пазар на капитал/ хартии од вредност

Се залагаме за:

- унапредување на преговарачката позиција на малите акционери
- овозможување и поттикнување на поразновидна понуда на пазарот на хартии од вредност
- овозможување и поттикнување на поголема присутност на институционални инвеститори на пазарот на хартии од вредност т.е. зголемување на побарувачката
- поттикнување на регионална и меѓународна поврзаност на пазарот на капитал
- обезбедување на поголема транспарентност, ефикасност и динамичност на пазарот на капитал.

#### 7.15.17.3 Пензиски систем

Се залагаме за спроведување на издржана анализа на сегашниот поставен пензиски систем и ќе имплементираме активности базирани на таа анализа со цел заштита на пензиите и одржливоста на целиот систем.

#### 7.15.17.4 Осигурување

Се залагаме за спроведување на издржана анализа на сегашниот пазар на осигурување и ќе имплементираме активности базирани на таа анализа.

#### 7.15.17.5 Супервизија на финансискиот систем

Се залагаме за фузирање на четирите супервизорски институции кои моментално постојат во една независна која ќе врши супервизија на целиот финансиски систем.

### 7.15.18 Б2Ц, Б2Б и Б2Г-пазари

Б2Ц-пазарот (бизниси кон крајни потрошувачи) ќе го развиеме и регулираме во насока на максимална заштита на потрошувачите и со фаворизирање на квалитетот и на производите и на услугите. Нашите потрошувачи ќе ги ставиме на рамноправно ниво во однос на квалитетот што го добиваат од страна на меѓународните фирми на највисоко ниво.

Б2Б-пазарот (бизнис кон бизнис) ќе го развиваме со посебен фокус на обезбедување на наплатата, но и со овозможување на брза наплата.

Б2Г-пазарот (бизнис кон Владата) ќе го развиваме во насока на елиминирање на можноста за коруптивни дејствија, целосна транспарентност и можност за планирање, но и контрола,

поставување на отворени лицитации кои не дискриминираат, брзо плаќање од страна на државата кон фирмите.

#### 7.15.19 Пазар на недвижности

Се залагаме за развој на поголема ефикасност и транспарентност на овој пазар, а преку другите погоре опишани политики (просторно планирање, инфраструктура, регионален рамномерен развој, пазар на пари и пазар на капитал) и за поголема динамичност на истиот.

Пазарот на земјоделското земјиште ќе го насочуваме кон окрупнување на парцелите со тоа што успешните земојделци ќе бидат стимулирани да го купат земјоделското земјиште со кое граничат.

За недвижностите кои се предмет на продажба од страна на доверители ќе овозможиме максимална транспарентност и ќе елиминираме можност за злоупотреби и малверзации.

Се залагаме пазарот на градежно земјиште, кој е во сопственост на државата, да биде максимално транспарентен и организиран на начин што ќе постигнува максимални цени.

#### 7.15.20 Антимонополски политики

Се залагаме за промена на постојната законска регулатива во насока на стриктно регулирање на природните, географските, правните, владините или технолошките монополи (монополи или олигополи) како и контрола на нивното работење и таму каде што е потребно разбивање на таквите позиции. Во одредени случаи ќе се залагаме и за национализација на одредени монополи.

Се залагаме и за реорганизација на надлежната институцијата и промена на процесите кои се имплементираат во насока на ефикасност, транспарентност, отчетност, како и за оцена на активностите на истата.

#### 7.15.21 Индустрии со висок финансиски лост (левериџ)

Се залагаме во секоја индустрија во која има можност да се направи висок финансиски лост (левериџ), каде што доверители се помногубројни граѓани или фирми, да биде правилно регулирана, правилно контролирана и да има осигурување за потенцијалните доверители.

#### 7.15.22 Основни/стратегиски индустрии

Сметаме дека Македонија има предности и/или треба да изгради предности во одредени индустрии и истите да ги поттикне и да им овозможи поголем развој, со што ќе се остварат и целите на нашата економска политика.

##### 7.15.22.1 Земјоделство и преработувачка индустрија

Земјоделството и преработувачката индустрија се стратегиски важни индустрии за секоја земја особено поради фактот што почвата е лимитиран ресурс и храната е есенцијална за самото преживување. Македонија има релативно мала површина на земјоделско земјиште и истото мора максимално да се искористи за производство на храна. За таа цел ја имаме погоре

опишаната политика за поделбата на државното земјоделско земјиште на сите граѓани на државата, а во приоритети за развој на инфраструктурата ги имаме назначено водните акумулации и хидромелиоративните системи како и локалните патишта. Од суштинско значење е да имаме достапни патишта до земјоделските површини и истите да може соодветно да се наводнуваат. Наша политика е да ги подобриме можностите за искористување на фондовите на ЕУ и на Македонија за развој на земјоделството и преработувачката индустрија, а со развојот на пазарот на пари и пазарот на капитал да овозможиме и подобар пристап до финансии за земјоделците/претприемачите кои ќе бидат во овие две индустрии.

Ние се залагаме за организирање, развивање и дигитализирање на пазарот на земјоделски производи и преработки и за отворање на дистрибутивни центри на наши производи во странство и развој на логистички систем за ефикасна дистрибуција на производите од нива до дом/ресторан и во Македонија и во државите каде што ќе се лоцираат дистрибутивните центри.

Сметаме дека субвенции треба да се употребуваат само за фино регулирање на производството т.е. понудата на земјоделски производи според стратегиските државни потреби и според барањата на пазарот.

Со овие мерки значително би се зголемило примарното производство на земјоделски производи, кое ќе кореспондира со тековните побарувања на домашниот и светскиот пазар на храна, ќе се овозможи голема побарувачка за тие наши производи и ќе се постигнат достоинствени цени со кои нашите земјоделци и производители ќе можат да остварат солидни приходи.

#### 7.15.22.2 Енергетика

Погоре опишавме дека наша политика е секој граѓанин да има фотоволтаици, при што приходите од електричната енергија ќе одат кај нив. Генерално се залагаме за брзо инвестирање во фотоволтици како основен извор на електрична енергија и во внимателно инвестирање во водни акумулации кои како терцијална цел ќе имаат производство на електрична енергија.

Сметаме дека водните акумулации треба да се употребат и како батерии за складирање на енергија добиена од фотоволтаиците.

Електричната енергија добиена од фотоволтаиците би се складирала преку производство на водород, а потоа тој гас ќе се користи како основен енергент за добивање на електрична енергија, што ќе обезбеди и инертност на електросистемот. Наша политика е да стимулираме и овозможиме истиот гас да се користи и во транспортот.

Сметаме дека изворите на енергија се општо добро и дека производството на енергија треба да биде во сопственост на сите граѓани на Македонија.

Со овие политики сметаме дека Македонија многу брзо би била енергетски независна држава.

Се залагаме за промена на пазарот за електрична енергија од либерализација кон централно но исклучително транспарентно управување со истата.

#### 7.15.22.3 Дојдовен туризам

Сметаме дека дојдовниот туризам треба да биде една од нашите стратегиски економски гранки.

Преку погоре опишаните политики за екологија, за развојот на инфраструктурата, просторното планирање, развојот на пазарот на пари и пазарот на капитал, поттикнувањето на претприемништвото и инвестициите и преку образованието максимално ќе го поддржиме развојот на дојдовниот туризам. Со политиката за безбедност опишана погоре ќе овозможиме Македонија да биде безбедна туристичка дестинација.

Се залагаме за:

- алокација на сериозен буџет за промоција и поддршка на дојдовниот туризам и зајакнување на улогата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот
- воспоставување модел за управување со дестинации, кој ќе функционира на национално, регионално и локално ниво осигурувајќи кохерентност со развојните политики за национален, регионален и економски развој
- зајакнување на партнерската соработка на давателите на туристички услуги, туристичките здруженија, општините и државата во делот на стратегиското планирање, дизајнирање и маркетинг на туристичката понуда на национално, регионално и локално ниво
- организација на ефикасна спасувачка служба
- дефинирање и развивање на системот за грижа на здравјето на туристите како и барањата за здравствено осигурување
- поттикнување на општините да инвестираат во туристичката инфраструктура и во чистотата
- унапредување на образованието насочено кон угостителство и туризам
- развој на концепт на национални ресторани
- унапредување на систем на категоризација на хотели и овозможување активно ангажирање на викенд-куќите и становите да влезат во понудата за сместување
- вистински развој на автокампови
- унапредување на образованието, лиценцирањето и регулативата за туристичките водичи (со сите подкатегории) и развој на нивна/и асоцијација/и
- поддршка на развојот на велосипедските клубови, планински велосипедски клубови, планинарски клубови, алпинистички клубови, параглајдерски клубови и други спортски активности и нивни асоцијации и дефиниција на подкатегории за водичи на овие активности
- развој, мапирање, уредување и обезбедување на туристичките атракции во сите делови на Македонија
- унапредување на постојните и развој на нови културни настани како туристички содржини
- транспортно поврзување на Македонија со светот пред сѐ преку авионски летови
- безвизен режим за влез на туристи
- промоција на Македонија како туристичка дестинација
- соработка со соседните земји за заедничко претставување и промоција на пазарите на далечните земји
- туристички развој на Коридорот Е75 по кој се движат милиони патници, во обид да ги претвориме од транзитни патници во наши туристи
- создавање и адаптација на старите градски јадра со голем број содржини за туристите.

### 7.15.22.4 ИТ

ИТ е индустрија на иднината и има огромен извозен потенцијал. Затоа се залагаме за сериозен развој на образованието и дообразованието за ИТ-специјалисти. Со нашите политики за екологија и визијата за Македонија како парк на Европа како и со политиките за развој на инфраструктура, логистичко поврзување, дом за секој граѓанин, развој на туристички, рекреативни и културни содржини ќе ја направиме Македонија посакувана дестинација за инвестиција во ИТ-секторот, но и како дестинација за релокација на ИТ-фирми од странство. Со тоа ќе ја издигнеме оваа индустрија да стане една од главните индустрии во Македонија.

### 7.15.22.5 Градежништво

За да ги оствариме политиките опишани погоре треба да имаме и модерна развиена градежна индустрија и за таа цел наша политика е унапредување на потребното образование и обука, но и ширење на науката во градежништвото и усвојување нови технологии на градба. Се залагаме за поттикнување и овозможување полесна набавка на потребната опрема.

### 7.15.22.6 Логистика

За да ги оствариме политиките опишани погоре треба да имаме и модерна развиена логистика и затоа наша политика е да се поддржи развојот на истата.

### 7.15.22.7 Високото образование како развојна индустрија

Преку спроведување на нашите погоре опишани политики сметаме дека Македонија ќе биде атрактивна како локација, со што ќе привлечеме светски познати универзитети да отворат свои кампуси. Успехот на оваа политика ќе ја смени Македонија на позитивно од многу аспекти.

Исто така, сметаме дека тие наши политики ќе овозможат и ќе поттикнат ангажирање на пензионери од  врвни универзитети во светот, што дополнително ќе ја зголеми атрактивноста на нашето високо образование.

### 7.15.23 Користење на претпристапни и други развојни фондови на ЕУ

Се залагаме за унапредување и постојано оценување на процесите и процедурите за користење на претпристапните фондови на ЕУ, транспарентно спроведување на истите како и обука на релевантните чинители со цел максимално користење на тие фондови.

Се залагаме и за тоа централната власт да даде максимална поддршка во процесот на спроведување, но ќе поттикнува децентрализиран систем на управување.

Се залагаме за јакнење на свеста кај донесувачите на одлуки за сестрано гледање на ЕУ-проектите како алатка за долгорочна промена.

Имаме фокус на јакнење на капацитетите на инволвираната администрација, општинските работници и други засегнати страни, нивна мотивираност и организираност за да се зголемат апсорпцискиот капацитет и успешното спроведување на европските проекти, што бара сериозен ангажман за структурни промени на повеќе нивоа.

Се залагаме на добра организација на процесот за мониторинг на успешноста на проектите како предуслов за позитивна повратна информација.

Се залагаме за ангажирање експерти по учинок кои ќе бидат платени по донесени и искористени фондови.

Се залагаме за проактивен однос по прашањата на донаторската помош и консултации за утврдување на приоритетите за финансирање заедно со НВО-секторот и донаторската заедница.